РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

ПРОГРАМА
за работа на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер за 2018 година

бр. 01-731/1 **од** 19.12.2017

Скопје, Декември 2017 година

1.ВОВЕД

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер е независно тело основано со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер("Службен весник на РМ" бр.13/2006, 86/2008, 6/2010, 42/2014, 148/2015 и 55/2016 година), со цел заштита и промовирање на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, право кое е гарантирано со Уставот на Република Македонија.

Горенаведениот Закон кој го уредува правото на пристап до информации од јавен карактер, има за цел да им овозможи на домашните и странските физички и правни лица пристап до информации со кои располагаат имателите на информации, за кои не постои законско ограничување со кое се штитат одредени податоци заради заштита на други со Устав гарантирани права.

Пристапот до информации го поттикнува развојот на транспарентна држава во која органите на јавната власт им даваат информации на граѓаните по поднесеното барање за слободен пристап до информации од јавен карактер и со редовно објавување на информациите за нивното работење, за трошењето на јавните средства и донесувањето на одлуките, како прашања од јавен интерес.

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во таа смисла е превентивна алатка за борба против корупција, кој од една страна ја зајакнува отвореноста на работењето, а од друга страна го стеснува просторот за злоупотреба на органите на јавната власт, потикнувајќи ја да работи законски и правилно при постапувањето.

Правната заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, ја обезбедува Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Согласно член 30 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Комисијата е независен државен орган кој работи и донесува одлуки во согласност со надлежностите утврдени со овој закон.

При утврдувањето на содржината на Програмата за работа на Комисијата, се имаше во предвид надлежноста и организацијата на Комисијата утврдени со закон.

Суштината на донесувањето на Програмата за работа е да се воспостават јасни цели, да се определат мерки и активности, како и да се распоредат задолженијата, да се дефинираат показатели за успешност од што ќе се дефинира патоказот на работа на Комисијата.

Годишната програма за работа на Комисијата ги содржи целите и работите кои ќе се спроведуваат во текот на 2018 година, а се однесуваат на:

1. **Предметно работење**
2. **Следење на легислативата од аспект на слободниот пристап како човеково право**
3. **Нормативна и аналитичка дејност**
4. **Обуки**
5. **Меѓународна соработка**
6. **Проектни активности**
7. **Соработка со граѓанскиот сектор**
8. **Односи со јавност**
9. **Развој и управување со човечки ресурси**
10. **Завршна одредба**

1. Предметно работење

Заради остварувањето на правото до слободниот пристап до информациите од јавен карактер на физичките и правните лица (барателите), Комисијата во текот на 2018 година ќе ги презема следните активности:

а) ќе одлучува по жалби на барателите на информации поднесени против:

- Решенијата со кои имателите го одбиле Барањето за пристап до информации од јавен карактер;
- Решенијата со кои имателите го отфрлиле Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, и
- Заклучоците со кои имателите на информации ја запреле или прекинале постапката по барањата;

б) ќе постапува по претставки на барателите во врска со слободниот пристап;

- ќе обавува службени посети и едукација на имателите и барателите на информации како на централно, така и на локално ниво;
- ќе соработува со имателите и барателите на информации од јавен карактер, со цел остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- посветено ќе продолжи да работи на секојдневното ажурирање на податоците со кои имателите се претставени на веб страницата на Комисијата. Покрај внесувањето на тековните измени, ќе работи на евидентирање, обработување и поднесување на предлози до Комисијата за бришење или додавање на листата на постојни иматели, згаснување или формирање на нови субјекти, промена на дејност и слично;
- согласно постојните технички и кадровски можности, во наредниот период фокусот ќе го стави и на натамошно усогласување на содржините на веб страницата на Комисијата со потребите кои произлегуваат од Акциски план за отворено владино партнерство.

- освен редовното, сеопфатно и навремено информирање на јавноста преку порталот, во функција на поголемо афирмирање на дејноста на Комисијата, ќе се прават напори за поголема медиумска застапеност.
- ќе подготви Годишен извештај за својата работа и ќе го достави до Собранието на Република Македонија;
- ќе соработува со меѓународни организации и институции од областа на слободниот пристап до информации од јавен карактер;
- ќе врши и други работи кои произлегуваат од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

Носител: Комисијата
Извршители: Секторот за спроведување на постапка по жалби, правни, општи, едукативни и аналитички работи и Секторот за соработка со имателите на информации, информирање на јавноста и меѓународна соработка на полето на слободниот пристап до информации од јавен карактер на Секретаријатот на Комисијата
Рок: Континуирано во текот на целата година

2. Следење на легислативата од аспект на слободниот пристап како човеково право

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во текот на годината континуирано ќе ја следи примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Согласно, Стратешкиот план на Комисијата 2018-2020 година, во 2018 година ќе се формира работна група која ќе направи анализа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. По утврдувањето на недостатоци во Законот врз основа на направената анализа ќе биде организирана тркалезна маса со претставници од државни институции и претставници од граѓанскиот сектор, со цел засегнатите страни да бидат вклучени во подготвувањето на измените и дополнувањата на Законот и подобрување на законската рамка.

Носител: Комисијата
Извршители: Секторот за спроведување на постапка по жалби, правни, општи, едукативни и

аналитички работи на Секретаријатот на Комисијата
Рок: Континуирано во текот на годината

3.Нормативна и аналитичка дејност

3.1 Претставниците од Комисијата во текот на 2018 година ќе го продолжат учеството во Меѓуресорската работната група, формирана од министерот за правда за утврдување на усогласеноста на Конвенцијата на Советот на Европа за пристап до јавните документи и утврдување на националните законски услови за пристапување кон оваа Конвенција и изготвување на анализа за евентуалните измени на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер ("Службен весник на РМ" бр.13/2006, 86/2008, 6/2010, 42/2014, 148/2015 и 55/2016 година).

Носител: Комисијата
Рок: Во текот на годината

3.2. Ќе подготви Годишен извештај за работата на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер за 2017 година.

Во Извештајот ќе биде прикажано работењето на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во 2017 година по однос на:

-Надлежности на Комисијата;

- Одлучување по Жалби (жалбена постапка, решени предмети и нивна структура, жалби поднесени против имателите на информации, карактер на поднесените жалби, состојба на предметите по тужби);
- Спроведувања на искуства од примената на Законот;
- Листа на иматели на информации;
- Содржина на Годишните извештаи на имателите;
- Соработка со службените лица кај имателите;
- Јавност во работењето на Комисијата;
- ВЕБ страница на Комисијата;
- Меѓународна соработка и
- Буџет на Комисијата

Носител: Комисијата
Извршители: Секторот за спроведување на постапка по жалби, правни, општи, едукативни и аналитички работи и Секторот за соработка со

имателите на информации, информирање на јавноста и меѓународна соработка на полето на слободниот пристап до информации од јавен карактер на Секретаријатот на Комисијата
Рок: 31 март, 2018 година

Исто така, Комисијата ќе дава мислења и предлози по закони и други прописи изготвени од други органи на државната управа, доколку истите содржат одредби за слободниот пристап до информации од јавен карактер.

3.3. Усогласување на системот за управување со квалитет со ISO стандардот 9001:2015 и сертификација

Комисијата успешно го заврши процесот на имплементација на ISO стандардот 9001:2008. Согласно новото издание на ISO стандардот 9001:2015, Комисијата ќе изврши усогласување на системот за управување со квалитет согласно измените. По успешно завршување на усогласувањето и имплементирањето на ISO 9001:2015, Комисијата ќе пристапи кон сертификација на ISO 9001:2015 и стекнување со Сертификат.

Носител: Комисијата
Извршители: Комисијата, координаторите за воведување на СУК, раководните административни службеници и административните службеници во Секретаријатот на Комисијата
Рок: Во текот на годината

3.4. Едукација и студиски посети на членовите на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер и вработените од Секретаријатот на Комисијата

-реализација на соодветна обука на вработените во Секретаријатот на Комисијата, и

-реализација на студиски посети на држави од Европската Унија со

цел размена на искуство на слободниот пристап до информации од јавен карактер.

- Комисијата активно ќе работи на стручно усовршување на вработените во Секретаријатот на Комисијата.

Носител: Комисијата во соработка со организации и иституции
Извршители: Секторот за спроведување на постапка по жалби, правни, општи, едукативни и аналитички работи и Секторот за соработка со имателите на информации, информирање на јавноста и меѓународна соработка на полето на слободниот пристап до информации од јавен карактер на Секретаријатот на Комисијата
Рок: Континуирано во текот на годината

3.5. Програма за работа на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер за 2019 година

Носител: Комисијата
Извршители: Секторот за спроведување на постапка по жалби, правни, општи, едукативни и аналитички работи и Секторот за соработка со имателите на информации, информирање на јавноста и меѓународна соработка на полето на слободниот пристап до информации од јавен карактер на Секретаријатот на Комисијата

Рок: Декември, 2018 година

4. Обуки

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во текот на 2018 година ќе продолжи со едукација на имателите на информации од јавен карактер согласно динамиката утврдена во Годишната програма за обука на службените лица кај имателите на информации на централно и на локално ниво.

Со обуките во прв план ќе бидат опфатени новоназначени службени лица кај имателите на информации кои не присуствувале на обуки и службени лица кои посетувале обуки, но пројавиле интерес повторно да присуствуваат.

Комисијата планира да одржи информативни и едукативни работни состаноци со одговорните лица кај имателите на информации на централно и локално ниво.

Исто така, Комисијата во зависност од нејзините финансиски можности планира и едукација на граѓани, преку разни форми (одржување на обуки, печатење на брошури, прирачници).

Комисијата ќе ја продолжи и соработката со високообразовните институции која ја воспостави во текот на 2014, 2015, 2016 и 2017 година, на подрачјето на заштитата на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер. Соработката ќе се одвива преку потпишување на меморандуми за соработка, и во тие рамки одржување на обуки на студенти на универзитети и факултети со цел подигнување на јавната свест и степенот на запознаеност на студентите со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Комисијата планира наведените активности со високообразовните институции да ги реализира и преку креативни начини-инфо часови, натпревари, конкурси и доделување на дипломи.

Носител: Комисијата
Извршители: Комисијата и вработените во Секретаријатот на Комисијата
Рок: Континуирано во текот на годината

5. Меѓународна соработка

Во рамките на меѓународната соработка во 2018 година, Комисијата ќе продолжи со активностите за размена на искуства со сродни институции и одржување на редовните контакти со соработници и партнери од регионот

и пошироко, со цел можна соработка на конкретни проскти, програми и реализација на стратешки цели зацртани во Акцискиот план на Комисијата.

Воспоставување и одржување на континуирана комуникација со останати сродни инситуции од земјите членки на Европска Унија ќе биде една од основните работни задачи на Одделението за меѓународна соработка и во тековната 2018 година. Истотака, една од основните работни задачи на Одделението ќе биде и зајакнување на соработката на национален план, со постоечките и нови потенцијални соработници. Од воспоставените релации и соработки се очекува реализација на проектни и реализација на останати цели и активности кои ќе овозможат поголема инволвираност и афирмација на Комисијата на меѓународно поле на слободниот пристап до информациите од јавен карактер.

Одделението за меѓународна соработка во тековната 2018 година, ќе презема активности за анализа на состојбата, како и воспоставување на соработка со домашни (НВО) и меѓународни институции за обезбедување на финансиска поддршка за реализација на јавна кампања за афирмација на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во Комисијата ќе се формира меѓусекторски тим за проекти, за чии членови Комисијата во тековната 2018 година ќе обезбеди едукација за подготовка на проектни апликации и обука за проектна имплементација.

Носител: Комисијата
Извршители: Комисијата, раководните и административни службеници во Секретаријатот на Комисијата
Рок: Континуирано во текот на годината

6. Проектни активности

6.1. Инструмент за претпристапна помош (ИПА II) 2014-2020, под наслов „Европска поддршка за реформа и статистика на јавната администрација“

Почнувајки од 2018 година, ќе започне имплементацијата на проектот под наслов „Европска поддршка за Реформа на Јавната Администрација (РЈА) и Статистика“, финансиран од Инструмент за претпристапна помош (ИПА II) 2014-2020.

Носител на проектните активности од горенаведениот проект е Министерството за информатичко општество и администрација, а Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер е еден од носителите на проектни активности наведени во под активноста: Транспарентност и отчетност.

Во овој проект, конкретни активности за Комисијата се воведување на стандарди за транспарентност кај имателите на информации преку е-Влада, платформата во која ќе биде воведен механизам за мерење на навременоста на извршување на услугите и квалитетот на работата на административните службеници. Исто така, како конкретна активност за Комисијата е предвидена и надоградба на капацитетите со ИТ опрема и поддршка за подобрување на пристапот до информации од јавен карактер преку воспоставување на електронски механизам за објавување на голем број документи и информации од јавен карактер, се со цел подобрување на јавните услуги за граѓаните и бизнис секторот.

Овој проект ја поддржува имплементацијата на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2017-2022 и Стратешкиот план за развој на Државниот завод за статистика (ДЗС).

За потребите на програмирањето и реализацијата на проектните активности формирана е Секторска работна група (СРГ), која во континуитет се состанува на работни состаноци се со цел да го следи и координира спроведувањето на проектот. Претставник од Комисијата активно ќе продолжи да учествува во работата на оваа Секторска работна група и во текот на 2018 година.

Носител: Комисијата
Извршители: Комисијата и административните службеници во Секретаријатот на Комисијата
Рок: Континуирано во текот на годината

6.2. TAIEX

Комисијата ќе ги продолжи активностите преку Инструментот TAIEX на Европската Комисија, со кој се овозможува на земјите апликанти за членство во Европската Унија да се здобијат со искуства од земјите членки на Европската Унија. Во 2017 година беше одобрена апликација за реализација на една Експертска мисија под наслов „Санкции за имателите на информации", која ќе биде реализирана на почетокот на 2018 година. Во однос на новите TAIEX апликации за тековната 2018 година, темите ќе бидат дополнително утврдени и изготвени апликациите.

Носител: Комисијата
Извршители: Комисијата и вработените во Секретаријатот на Комисијата
Рок: Континуирано во текот на годината

6.3. Тригодишен проект со Мисијата на ОБСЕ

Комисијата ќе ја продолжи соработката со Мисијата на ОБСЕ и во текот на 2018 година преку реализација на мерки и активности предвидени во втората фаза од тригодишниот проект со Мисијата на ОБСЕ.

Во тековната 2018 ќе се овозможи одржливост на реализираните мерки од 2017 година, како и реализација на предвидените мерки за 2018 година кои се однесуваат на поддршка на Комисијата во врска со организирање на настани, изготовка и печатење на промотивни материјали, публикации, одржување на обуки и сл.

Носител: Комисијата
Извршители: Комисијата и вработените во Секретаријатот на Комисијата
Рок: Континуирано во текот на годината

7. Соработка со граѓанскиот сектор

Комисијата континуирано ќе ја продолжи соработката со невладиниот сектор со цел јакнење на свеста кај граѓаните за значењето на ова основно човеково право како и на имплементацијата на прописите од оваа област.

7.1 Активно учество во Акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година:

- приоритет 3. Слобода на информации

Главна цел на активноста, чиј носител е Комисијата, е афирмирање и унапредување на пристапот до информации од јавен карактер преку соработка и заедничка промоција на правото за пристап до информации, подржано од владиниот и граѓанскиот сектор.

Со дефинирањето на главната цел произлегува обврската за подобрување на пристапот до информации преку проактивно објавување на информациите од јавен карактер, преземање на мерки за зголемување на пристапот до информациите од јавен карактер и информираноста на граѓаните, како клучни фактори за имплементација на Законот.

Соработката со имателите на информации и граѓанскиот сектор ќе придонесат кон подобра имплементација на Законот, транспарентност, отвореност и отчетност на институциите за нивното работење, градење на меѓусебна доверба и развивање на квалитетот на демократијата. Со овие мерки се очекува во период од две години да се зголеми бројот на граѓаните кои го остварале правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и бројот на институции кои го спровеле Законот.

Добрата практика на соработка помеѓу имателите на информации од

јавен карактер и граѓанскиот сектор е клучна за доброто владеење и претставува важен фактор за транспарентно работење и имплементирање на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Носител: Комисијата во соработка со други институции и граѓанскиот сектор
Рок: Континуирано во текот на годината

8. Односи со јавност

Со цел натамошно афирмирање на уставно загарантираното право за пристап до информации, јакнење на свеста на службените лица кај имателите на информации и обезбедување на поголема транспарентност и отчетност во работењето, ќе продолжи досегашната пракса на Комисијата со навремено, редовно и проактивно објавување и ажурирање на информации на веб страницата на Комисијата.

Пред или по одржувањето на позначајни настани, ќе се доставуваат информации, односно покани за присуство на новинари и сниматели.

Ќе се интензивира и продлабочи севкупната соработка со електронските, печатените и интернет медиумите.

Предвидена е подготовка и печатење на публикација со примери од досегашната работа на Комисијата, која ќе содржи карактеристични примери од донесени решенија и заклучоци по жалби на барателите на информации од јавен карактер.

Носител: Комисијата
Извршител:Секторот за соработка со имателите на информации, информирање на јавноста и меѓународна соработка на полето на слободниот пристап до информации од јавен карактер на Секретаријатот на Комисијата
Рок: Континуирано во текот на годината

9. Развој и управување со човечки ресурси

Во 2018 година, Комисијата ќе продолжи со активности на полето на подобрување на внатрешната организација и систематизација на работните места, човечките ресурси и просторно-техничките услови за

работа.

Развивање и импленантација на мерки за подобрување на сегашната состојба со човечките ресурси кои се однесуваат на систематизираните работни места, подготовка на нови правилници за внатрешна организација и систематизација на работните места во Комисијата, распоредување на работни места според образование, анализа на стручната подготвеност на вработените се со цел да се систематизират на адекватни работни места. Потребно е да се предвидат нови работни места, унапредување на вработените и стимулирање на административните службеници преку обезбедување на обуки, посета на работилници и други методи на стручно доусовршување на вработените во Комисијата.

Формирање на Работна група за подготовка на Предлог -правилник за етичко однесување на вработените во Комисијата, усогласен со Законот за административните службеници и имплементација на истиот.

Носител: Комисијата
Извршител: Секторот за спроведување на постапка по жалби, правни, општи, едукативни и аналитички работи на Секретаријатот на Комисијата
Рок: Континуирано во текот на годината

10. Завршна одредба

Оваа Програма се објавува на веб локацијата на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Претседател,
д-р Ѓорги Сламков